РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 12-1872/2
23.11.2020
СКОПЈЕ - SHKUP



Врз основа на член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител – физичко лице, на 41-та седница, на продолжението на седницата одржано на ден 12 Ноември 2020 година донесе

## Одлука

Пријавата за корупција бр. 12- 1872/1 од 04.05.2020 година на подносителот ------------------- од ------------------ СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност – нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-1872 од 2020 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 1872/1 од 04.05.2020 година.

Предметот со број 12-1872 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

## Образложение

Предметот со број 12-1872 од 2020 година е оформен врз основа на добиена пријава бр. 12-1872/1 од 04.05.2020 година, од познат подносител - физичко лице, ----------------- од ----------------, со познати адресни податоци.

Со предметната пријава – доставена по електронска пошта од електронската адреса ------------------ се изразува незадоволство од полициски службеници и други лица по однос на кои подносителот изнесува сомневања за притисоци при повикување на разговори, за омаловажувања и напади со што подносителот бил оштетен како на социјалните мрежи, така и реално. Исто така, подносителот посочува имиња на полициски службеници и на физички лица за кои наведува повеќе настани што се случиле во периодот 2005 – 2014 година поврзано со караница на свадба, со упад во стан на негова поранешна девојка, со физички напад кој подносителот го пријавил во полициска станица и други со кои опфаќа дваесетина лица, а за кои наведува дека има намера да поднесе приватна тужба со која од нив би побарувал по 2500 Евра надомест на штета и би барал за нив максимални казни.

Освен погоре наведеното подносителот истакнува дека му се вршени смислени терористички омаловажувања и најсовремени политички и полициски притисоци, но дека полициските службеници одбегнуваат да интервенираат заради поврзаност , како што наведува, на видни лица.

Врз основа на сите околности и на податоците кои се содржани во предметната пријава Државната комисија за спречување на корупцијата, утврди дека од аспект на надлежностите на Државната комисија за спречување на корупцијата предметната пријава не упатува на корупција - конкретни злоупотреби на службената положба и овластувањата од страна на службени лица/ избрани и именувани лица и други вршители на јавни функции, за остварување на корист, директно или преку посредник за себе или за друг преку коруптивно дејствување, а дека во делот на евентуална повреда на правата на подносителот на пријавата истиот има право и може своите права да ги заштити со вложување на правни средства пред други надлежни органи во Република Северна Македонија.

Според наводите содржани во пријавата бр. 12-1872/1 од 04.05.2020 година и од причини, како е погоре наведено, Државната комисија оцени дека истата не содржи елементи за надлежно постапување на Државната комисија согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 12 Ноември 2020 година по број 12-1872/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По Одлука/Заклучок на седница на ДКСК
Изработил: Х.М., Советник
Одобрил: СПД., Член на ДКСК

Доставено до
-Архива
-Подносителот